Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

**Бр.** 03-1019/1
20.05. **2024 год.**

**СКОПЈЕ**

**ДО**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 13 став (4) од Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 274/2019 и 5/2023), на 486-та седница на Советот, одржана на ден 15.05.2024 година, по гласањето за изготвените кандидатски листи од Комисијата за подготовка на кандидатски листи на пријавените кандидати по Оглас за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од редот на судиите на апелационо подрачје Битола, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.28 од 07.02.2024 година, Советот ги утврди следните кандидатски листи:

1. ОПШТА ЛИСТА за кандидати од Врховен суд на РСМ
   - Цветанка Periќ – судија на Врховен суд на РСМ и
   - Исамедин Лимани – судија на Врховен суд на РСМ
2. ОПШТА ЛИСТА за кандидати од Апелационо подрачје Битола
   - Александар Камбовски – судија на Аелационен суд Битола
   - Александра Поп Стефанија – судија на Основен суд Охрид и
   - Татјана Сусулеска – судија на Аелационен суд Битола.

Поради мое несогласување да се утврди горе наведената Општа листа за кандидати од Врховен суд на РСМГ, писмено го образложувам несогласувањето со следното следното

**ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ**

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави Оглас за избор на член на Советот од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од редот на судиите на апелационо подрачје Битола, (објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 28 од 07.02.2024 година).

Комисијата за подготовка на кандидатски листи, формирана со Одлука на Судскиот совет, Бр.02-336/2 од 13.02.2024 година, по разгледување и извршена проверка на доставените кандидатури во поглед на нивната навременост, исполнетост на условите од член 11 став (1) и комплетност на пријавите во смисла на член 12 од Законот за Судскиот совет на РСМ („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19) ги подготви, согласно член 13 став (2) од истиот Закон, следните кандидатски листи:

1. ОПШТА ЛИСТА за кандидати од Врховен суд на РСМ

- Цветанка Периќ – судија на Врховен суд на РСМ и
- Исамедин Лимани – судија на Врховен суд на РСМ

2. ОПШТА ЛИСТА за кандидати од Апелационо подрачје Битола

- Александар Камбовски – судија на Аелационен суд Битола
- Александра Поп Стефанија – судија на Основен суд Охрид и
- Татјана Сусулеска – судија на Аелационен суд Битола.

Вака подготвените кандидатски листи беа точка на дневен ред на 486-та седница на Судскиот совет, одржана на ден 15.05.2024 година, на која Советот со мнозинство гласови, истите ги утврди, согласно член 13 став (5) од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Како член на Судскиот совет на РСМ, не се согласувам со утврдените кандидатски листи од страна на Советот, поточно не се согласувам со утврдената ОПШТА ЛИСТА за кандидатите од Врховниот суд на РСМ бидејќи постојат уставно-правни и законски пречки кандидатот Исамедин Лимани, судија на Врховен суд на Република Северна Македонија, во конкретниот случај да биде кандидат на Општата листа за кандидати од Врховниот суд на РСМ, иако неговата кандидатура е навремена, потполна во смисла на член 12 од Законот за Судскиот совет на РСМ и кандидатот ги исполнува условите од член 11 став (1) од истиот Закон.

Ова, од следните причини:

1. Судскиот совет на РСМ е уставна категорија чиј состав и мандат се утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 104 од Уставот на Република Северена Македонија, поточно Амандман XXVIII со кој во целост се заменува член 104, во ставот (2) утврдува дека Советот има 15 члена.

Согласно ставот (4) од истиот член, осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Согласно ставот (9) од истиот член, условите и постапката за избор, како и основите и постапката за престанокна функцијата и рзрешување на член на Советот се уредуваат со Закон.

Законот за Судскиот совет на РСМ во членот 6 го во целост го има превземено уставното решение за состав на Советот.

Имајќи го предвид наведеното, Судскиот совет постапувајќи согласно одредбите од член 13 од Законот за Судскиот совет, при подготвување и утврдување на кандидатските листи е должен, во секој поединечен конкретен случај, да води сметка за составот и бројот на членовите на Советот, загарантиран со Уставот, во членот 104 и точно утврдениот број и состав на Советот утврден во членот 6 од Законот за Судскиот совет. На тоа упатува и самиот текст на Законот, гледан од номотехнички карактер. Имено, законодавецот прво го разработил и уредил прашањето за состав на Советот, во членот 6, а подолу, во Глава III (член 9-30) е разработена и утврдена постапката за избор на член на Советот, што укажува на фактот дека при спроведување на постапката за избор на член, Судскиот совет е должен да се придржува на уставното и законското решение со кое е уредено прашањето за состав и број на членови на Советот.

Имајќи ги во превид Охридскиот рамковен договор и уставната придобивка за обезбедување на еднаквост на сите етнички заедници во РСМ, Уставот со член 104 ја гарантира можноста, сите етнички заедници да бидат застапени во составот на ССРСМ, водејќи притоа сметка да се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Уставотворецот афирмативните мерки ги гарантира со уставна категорија и затоа е важно да се почитува оваа придобивка.

Во конкретниот случај, во моментот на објавување на Огласот за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на РСМ и од редот на судиите на апелационо подрачје Битола, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.28 од 07.02.2024 година, во Советот има вкупно шест члена избрани од редот на судиите. Тројца од нив се македонци, а останатите тројца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија ( двајца од нив се од албанската заедница, еден е влав по националност), што значи дека квотата од тројца членови на Судскиот совет – избрани од редот на судиите, веќе е обезбедена. Затоа, при изборот на

новите членови на Советот. мора да да биде запазена соодветната правична застапеност на граѓаните од сите заедници, согласно Уставот и Законот.

Суштинско за сите афирмативни мерки, вклучително и за конкретната мерка – квотата загарантирана за тројца членови на Советот кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство, е дека нивната примена е ограничена. Афирмативните мерки не претставуваат дискриминација се додека ги исполнуваат законските услови, односно се додека се потребни и додека не се постигне целта заради која биле предвидени. Меѓутоа, во случајов, со утврдување на Општата листа за кандидатите од Врховниот суд на која се наоѓа и кандидатот судијата Исамедин Лимани, кој во Судскиот изборен именик за Врховниот суд, е запишан како албанец, се создава можност да се надмине бројката од тројца членови избрани од судиите кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Во тој случај, предметната афирмативна мерка станува дискриминаторска во однос на припадниците на мнозинската заедница, македонците бидејќи не е запазен принципот на правична застапеност на граѓаните од сите заедници. Таквиот состав на Судскиот совет би бил неуставен и незаконс.

Во таков случај се доведува во прашање и примената на членот 50 од Законот за судскиот совет во поглед на „Бадентеровото мнозинство“ при изборот на судии и претседатели на судови.

Токму заради се погоре наведено, мојот став е дека во случајов постојат уставни и законски пречки кандидатот Исамедин Лимани, судија во Врховниот суд на РСМ да биде на Општата листа за кандидати од Врховниот суд. Затоа каднидатурата на наведениот судија во случајов е недозволена и како таква треба да ср отфрли.

Судски совет на
Република Северна Македонија
Член,
м-р Тања Чачарова-Илиевска